# Контролирање на парите во политиката

## Вовед

| 2022

# Контролирање на парите во политиката

## Вовед

**Др. Магнус Охман**

*Виш советник на IFES за политички финансии*

Center for Anti-Corruption
& Democratic Trust

Авторско право © 2022 International Foundation for Electoral Systems.
Сите права се задржани.

**Изјава за одобренија**: Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира во ниту една форма и на ниту еден начин, електронски или механички, вклучително фотокопирање, снимање, или со посредство на било каков систем за складирање и обработка на информации без писмено одобрение од IFES.

Барањата за одобрение треба да содржат:

- Опис на материјалите за кои се бара одобрение за умножување/копирање.
- Целта за која ќе служи копираниот материјал и начинот на кој ќе се употребува.
- Вашето име, функција, име на организација или компанија, број на телефон, број на факс, адреса за електронска пошта, и поштенска адреса.

Барањата за одобрение треба да се испраќаат на:
International Foundation for Electoral Systems
2011 Crystal Drive
Arlington, VA 22202
E-mail: editor@ifes.org
Fax: 202.350.6701

Сите мислења, наоди, заклучоци или препораки изразени во оваа публикација се на авторот/ите и не ги одразуваат нужно ставовите на Меѓународната фондација за изборни системи [International Foundation for Electoral Systems].

# About IFES

IFES advances democracy for a better future. We collaborate with civil society, public institutions and the private sector to build resilient democracies that deliver for everyone. As the global leader in the promotion and protection of democracy, our technical assistance and applied research develops trusted electoral bodies capable of conducting credible elections; effective and accountable governing institutions; civic and political processes in which all people can safely and equally participate; and innovative ways in which technology and data can positively serve elections and democracy. Since 1987, IFES has worked in more than 145 countries, from developing to mature democracies. IFES is a global, nonpartisan organization based in Arlington, Virginia, USA, and registered as a non-profit organization [501(c)(3)] under the United States tax code.

## IFES By The Numbers

**Reached 25M+** people with civic and voter education in 2021

**Supported 30** elections in 2021, training 300K+ election offiicials

**Worked across 58** countries in 2021

# Содржина


Вовед ........................................ 1

Потенцијални проблеми со парите во политиката ........................................ 2

Централното значење на транспарентноста и јавното објавување ........................................ 3

Формално уредување на политичко финансирање ........................................ 5

Спроведување ........................................ 8

Улогата на граѓанското општество и медиумите ........................................ 9

Заклучоци ........................................ 10

Ресурси ........................................ 12

# Вовед

> “Парите се мајчино млеко во политиката.”
> Jesse Unruh (американски политичар и државен министер за финансии на Калифорнија, 1922-1987)

Иако природата на политиката значително се разликува во различни региони и земји, нема ниту еден дел од светото во кој парите не се важни во политичките процеси на одлучување.

Илустрација 1: Политичките финансии се централно поврзани со клучни аспекти од современото општество




Парите во политиката или политичките финансии се поврзани со клучните аспекти на секое современо општество. Управување со политичките финансии е потребно за веродостојни и реални избори и изборни кампањи затоа што постои потенцијална можност од изобличување на конкуренцијата меѓу натпреварувачите. Правилното управување обезбедува државата да се управува ефикасно; меѓутоа, корупцијата лесно може да го нанесе штета на доброто управување.

Демократското општество бара постојан дијалог со своите граѓани, а тоа е процес за кој е потребно финансирање. Загриженоста е дека парите можат да предизвикаат политичарите да бидат поодговорни на донаторите отколку на гласачите. Пристапот до некорумпирано, законско финансирање го намалува искушението кај политичарите, политичките партии и државните службеници да се впуштаат во коруптивни постапки - но самото присуство на пари во политиката го создава овој ризик.

Ако парите се неопходен, иако можеби проблематичен дел од политиката, мора да размислиме како би можеле да го контролираме нивното влијание за да ги негуваме нивните позитивните аспекти, а истовремено да ги контролираме и да се спротивставиме на негативните влијанија. Не постои единствен модел на надзор што  одговара на сите земји. Целите и проблемите што поедини држави сакаат да ги решат мора да бидат проценети во нивниот контекст. Ова не значи дека секоја земја не може да извлече поуки од искуствата на другите.

## Преглед

Овој брифинг документ дава вовед во клучните проблеми и решенија во областа на политичкото финансирање. Иако има голем број потенцијални проблеми, овде избравме да ја нагласиме злоупотребата на државните ресурси за да ги прикажеме тешкотиите во уредувањето и борбата против таквото однесување.

Овој документ исто така се осврнува на глобалните искуства за уредување на политичкото финансирање во различни земји и како може да се спроведуваат прописите. Опишани се правила за објавување (финансиско известување); забрани и ограничувања за придонеси и расходи; и јавно финансирање. Се дискутира и за улогите на граѓанското општество и медиумите, како и за глобалните поуки извлечени од надзорот врз парите во политиката.

Во овој документ ги дефинираме политичкото финансирање како финансирање на политичките партии и изборни кампањи. Можни се многу пошироки дефиниции, вклучително и однесувањето на избраните функционери и ситуациите со судир на интереси со кои се соочуваат политичарите и државните службеници во врска со парите во политиката.

## Потенцијални проблеми со парите во политиката

Како што споменавме, парите се неопходен аспект во современата политика, но исто така создаваат предизвици за демократиите ширум светот. На еден или друг начин, овие проблеми се однесуваат на нарушување на врската помеѓу гласачите и оние што се избрани или се кандидираат ма избори. Конкретните проблеми ќе варираат помеѓу различни региони и земји. Подолу се наведени некои од најчестите предизвици.

### Имотните интереси може да стекнат несразмерно влијание врз политичкиот систем

Иако „еден човек – еден глас“ е втемелен принцип на избори низ целиот свет, разликите во ресурсите можат да доведат до тоа некои гласови да се слушнат погласно од другите. Оние со пари можат да влијаат врз политичарите и политичките одлуки на начини што се проблематични за демократијата.

### Донации од деловни субјекти за изборни кампањи може да доведат до корупција во јавните финансии

Повеќето земји им дозволуваат на приватните претпријатија да донираат во политичките партии и изборните кампањи. Сепак, во голем број земји постои страв дека политичарите може да им дадат повластен третман на корпорациите што ги поддржале. Ова може да има негативно влијание врз јавните набавки и иницијативите за развој, и може да наштети не само на демократијата, туку и на делотворноста на администрацијата и управувањето.

### Злоупотреба на државни ресурси

Во многу делови од светот, политичките партии на власт го злоупотребуваат пристапот до државните ресурси за да обезбедат тие да останат на власт. За ова прашање се дискутира понатаму во овој извештај.

### Незаконски стекнати пари што влијаат во политиката

Растечки проблем во некои делови на светот е влијанието на незаконски стекнати финансиски средства во политиката. Понекогаш криминалците сакаат да влезат во власта за да добијат имунитет, а во други случаи преку изборните кампањи се перат пари. Криминалците исто така може да користат донации за да извршат влијание врз политичарите со цел да избегнат истраги за нивните противзаконски активности.

### Влијанието на финансии од странство може да претставува закана по суверенитетот на домашната политика

Дури и во нашиот глобализиран свет, секоја земја одржува свои политички институции, како што се државни и локални тела. Ако во изборни кампањи се користат пари од странство, политичарите може да ги слушаат интересите надвор од нивната земја наместо гласачите. Суверенитетот на државите може да биде загрозен ако ова се прошири.

### Високи нивоа на расходи во изборни кампањи го отежнуваат стапувањето на сцена на нови политички сили

Дури и ако ниту еден донатор нема непримерно влијание врз политичкиот процес - и не се користат недозволени, странски или по друг основ противзаконски средства - парите сепак можат да имаат негативно влијание. Ако не може да се слушне гласот на новите политички сили бидејќи кампањите стануваат прескапи, политичкиот систем нема да може да се прилагоди на промените во јавното мислење. Високите трошоци за кампањи честопати се еден од проблемите со кои се соочуваат жените што сакаат да влезат во политика, бидејќи жените обично имаат помал пристап до мрежите на богатите чинители.

### Купување гласови

Обидите да се добијат избори со трошење пари, наместо преку народна поддршка, се вообичаени во многу делови на светот. Понекогаш купувањето гласови е во форма на директни трансакции, каде индивидуалните гласачи добиваат пари по доказ за гласање на одреден начин, вклучително и фотографирање на гласачкото ливче со камера од мобилен телефон. Понекогаш купувањето гласови е индиректно и групно, вклучително и кога лидерите во заедницата или верските водачи добиваат стимул да влијаат врз гласовите на нивните следбеници. Во секој случај, купувањето гласови може да стане сериозна пречка за демократски избори.

# Централното значење на транспарентноста и јавното објавување

Транспарентноста во политичкото финансирање е воспоставена со Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (UNCAC), во која се вели дека сите земји „треба да размислат за преземање соодветни законодавни и управни мерки, во согласност со целите на оваа Конвенција и во согласност со основните принципи на нејзините домашни закони, за зајакнување на транспарентноста во

финансирањето на кандидатурите за избрани јавна функции и, кога е соодветно, финансирањето на политичките партии “.[1]

Достапноста на информации за финансиите на политичките актери, особено оние на политичките партии и кандидатите за јавни функции, е клучна за секој делотворен систем за контрола на политичкото финансирање. Без такви сознанија често е невозможно да се знае дали се почитуваат другите форми на прописи.

Илустрација 2: Услови за јавно објавување во региони

| Регион | Политички партии (годишно/во однос на избори) | Кандидати |
|---|---|---|
| Африка | 85%/65% | 59% |
| Америка | 67%/71% | 63% |
| Азија | 91%/65% | 86% |
| Европа | 96%/75% | 84% |
| Океанија | 37%/37% | 57% |
| Свет | 82%/66% | 72% |

Сепак, не сите земји имаат воведено вакви прописи. На Илустрација 2 се прикажани уделите на земји ширум светот што наложиле формални услови за известување за политичките партии и кандидатите на избори, соодветно (податоци од средината на 2022 година).[2] Постоење на правила според кои се бара известување не значи дека доставените извештаи се точни, или дека извештаите подлежат на внимателна ревизија.

Постојат голем број на согледувања што треба да се имаат предвид при оформување на систем за јавно објавување од страна на политички чинители. Системот мора да одговара на ситуацијата во секоја земја. На пример, системот треба да има предвид како е поставен банкарскиот систем и капацитетот на политичките партии/кандидати за исполнување на условите. Правилата за финансиско известување не смеат да бидат толку сложени што засегнатите страни не можат да се придржуваат кон нив.

Иако се тврди дека јавното објавување може да го намали расположението кај донаторите да донираат средства за опозициските партии и кандидати, и на тој начин се зголемува предноста на кандидатите од власта, ова мора да се одмери во однос на правото на електоратот да знае за финансиските зделки на оние што се кандидираат да ги претставуваат.

Системот за известување, преглед и објавување на податоци за политичко финансирање исто така мора да се прилагоди на состојбите во секоја земја. Во многу контексти, електронските решенија, коишто во идеален случај опфаќаат и објавување на бази на податоци што може да се пребаруваат, можат значително да ја зголемат транспарентноста на тоа како партиите и кандидатите собираат и трошат средства, без да наметнат непотребни административни оптоварувања врз субјектите што имаат обврска да поднесуваат извештаи или врз формалното надзорно тело или тела.

[1] UNCAC Article 7(3).
[2] Податоци од International IDEA (изворно собрани во 2012г.) Видете во “Ресурси”

# Формално уредување на политичко финансирање

> “Држава што изобилува со корупција мора да има многубројни закони.”
> Тацит (римски историчар, 55-120 н.е.)

Најчестиот начин за справување со непожелното однесување поврзано со парите во политиката е донесување закони и прописи. Правилата за објавување (финансиско известување) имаат за цел да постигнат транспарентност. Забраните и ограничувањата имаат за цел директно да отстранат одредени видови на однесување. Честа причина за обезбедување на јавно е да се намали зависноста на политичките партии и кандидатите од приватни пари. Постојат и други форми на прописи за политичко финансирање. Правила што се однесуваат на злоупотреба на државните ресурси и медиуми, и правила со кои се ограничува периодот во кој може да се трошат средства за кампања со пропишување на определен период за кампања се некои од таквите примери. Без оглед какви правила ќе се изберат, тие мора да бидат соодветни за ситуацијата и целите во секоја земја.

## Забрани и ограничувања на донации и расходи

Понекогаш се тврди дека сè додека финансиите на политичките партии и кандидатите се отворени и транспарентни, нема потреба од дополнително уредување. Замислата е дека избирачот ќе донесе свои одлуки врз основа на информациите се на располагање. На пример, ако една партија троши големи суми на подароци, гласачкото тело може да го казни овој популистички пристап со тоа што нема повторно да ја избере таа партија во иднина.

Илустрација 3: Видови на забрани на донации и расходи




Сепак, постои причина да се верува дека ваквиот пристап можеби делува насекаде. Во случаи кога јазот во пристапот до средствата е голем, или кога медиумите не уживаат целосна слобода, можеби е не е лесно информациите за политичкото финансирање да стигнат до гласачкото тело. Во такви ситуации прописите можеби треба да бидат насочени кон однесувањето на политичките партии и кандидатите, не само кон достапните информации за таквото однесување.

Еден начин за спротивставување на непосакуваното однесување е поставување на забрани. Овие забрани можат да се користат за да се спречат политичките актери да добиваат средства од „непожелни“ извори, како што се странски субјекти. Меѓународната база на податоци IDEA за прописи за политичко

финансирање открива дека 70% од 179 земји за кои имало податоци забрануваат придонеси/донации од странски извори.[3] Некои земји исто така им забрануваат на корпорациите да донираат во кампањи. Вообичаено причината за ова е дека корпорациите можат непримерно да влијаат врз однесувањето на политичките актери. Во 2022 година, 28 проценти од 177 земји за кои има податоци забранувале вакви донации. Забраната за донации или финансирање од јавни фондови, со исклучок на регулираните одредби за јавно финансирање, е еден од начините за спречување на злоупотребата на државните ресурси.

Многу земји забрануваат анонимни донации со образложение дека ако се допуштат такви донации, станува невозможно да се проверува дали се почитува забраната за, на пример, странски или корпоративни донации. Според базата на податоци IDEA, 73 проценти од 177 земји за кои има податоци применуваат целосна забрана или определена граница за анонимни донации, со што ова е најчестиот вид на забрана за донирање.

Забраните за расходи (трошење) може да се однесуваат на очигледни прекршоци, како што се купување гласови или поткуп на изборни службеници. Меѓутоа, некои земји применуваат забрани за да постигнат други цели, како што е обезбедување правични услови за политички натпревар во изборните кампањи со забрана на активности како што е приватно рекламирање. Забраните за рекламирање, во комбинација со обезбедување на бесплатен и еднаков пристап до печатените и радиодифузни медиуми, понекогаш се сметаат за начин да се ограничи предноста на побогатите натпреварувачи. Критичарите укажуваат дека ваквите правила може да го попречат слободното изразување.

Во одредени ситуации, земјите можеби не сакаат целосно да забранат одредени активности, туку да ги намалат преку поставување граници. Со ограничување на износите што физичките или правните лица можат да ги донираат, некои земји се надеваат дека ќе го намалат ризикот од големи донации што би влијаеле врз одлуките на политичарите. Таквите ограничувања на донациите исто така може да ги принудат политичките партии и кандидатите да се обраќаат кон поголеми групи луѓе во нивните напори за собирање средства - промена што некои се надеваат дека би можела да го зајакне учеството на јавноста во политиката.

Може да се постават ограничувања и на износите што можат да потрошат политичките партии и кандидатите. Во голем број држави ваквите ограничувања се насочени кон обезбедување правични услови за политички натпревар помеѓу богатите и сиромашните натпреварувачи, но ограничувањата исто така може да имаат за цел да ги намалат трошоците за изборните кампањи во целост, доколку се земе предвид дека таквото трошење е прекумерно во однос на националната економија или нивоата на сиромаштија. Податоците од меѓународната база на податоци за политичко финансирање IDEA покажуваат дека околу 37 проценти од државите поставуваат ограничувања за трошењето на политичките партии, и 52 роценти за кандидатите.

[3] Податоци од International IDEA (2012), во средината на 2022г. Видете во “Ресурси”. Понекогаш контроверзно прашање е дали на државјаните на земјата што живеат во странство треба да им се дозволи да донираат во изборни кампањи. Ова може да изгледа како разумен принцип, но во многу држави државјаните што живеат во странство немаат право на глас. Многу е тешко со сигурност да се потврди дека донациите што доаѓаат од странство навистина потекнуваат од државјани, а не од странски интереси.

Забраните и ограничувањата на донациите и трошењето може да бидат една алатка за контрола на парите во политиката. Сепак, нема особена смисла да се воведуваат такви прописи ако не постои функционален систем на пријавување и објавување, како и делотворен процес за откривање и санкционирање на прекршувања на забраните и ограничувањата. Самото поставување на ограничувања веројатно нема да има никаков ефект ако потенцијалните прекршители не чувствуваат веродостојна закана дека прекршоците ќе бидат казнети.[4]

## Јавно финансирање на политички партии и кандидати на избори

Формите на регулирање опишани претходно се однесуваат на обиди за спречување или санкционирање на одредени видови на однесување.[5] Меѓутоа, како што е наведено во воведот, треба да се признае дека парите се неопходен дел од политиката, а обезбедувањето „чисти“ или „регулирани“ пари од државниот буџет може да помогне да се намали негативното влијание на парите во политиката без да се ограничува здравиот дијалог и конкуренцијата.

Обезбедувањето на јавно финансирање за политичките партии и (поретко) за кандидатите за јавни функции се применува во некои земји од Латинска Америка уште во 20-тите години, а се шири во Европа во 1960-тите. Сега се користи во сите региони од две третини од државите во светот.

Застапниците на јавното финансирање тврдат дека тоа може дури да помогне во политичкиот натпревар и да им даде глас на нови и помали политички сили. Тие исто така тврдат дека може да го намали искушението политичарите да примаат незаконски донации или да ги злоупотребуваат државните ресурси. Критичарите стравуваат дека обезбедувањето на јавно финансирање може да ја намали поврзаноста помеѓу политичарите и поддржувачите и политичките партии да станат поблиски со државниот буџетски апарат отколку до општеството. Тие исто така сметаат дека ако пристап до такво финансирање се овозможува само за партиите што веќе се застапени во власта, тоа би ја отежнало натпреварувачката позиција на новите партии.

Има повеќе теми што треба да се имаат предвид при оформување на систем за јавно финансирање. Меѓу нив се:

- Праг за квалификација (кој исполнува услови да добие финансирање)
- Критериуми за распределба (дали сите што ги исполнуваат уловите треба да добијат исти износи или да се распределува во зависност од докажана поддршка од граѓаните)
- Тајминг за поддршката (пред или после избори, или редовно годишно)
- Вид на јавна поддршка (во пари или индиректно финансирање како што е намалување или ослободување од даноци, или пристап до медиумите)

[4] Најделотворниот начин за придржување кон ограничувањата на трошењето е границата да се постави толку високо што никој нема да може да ја достигне. Сепак, со тоа се губи смислата на тој пропис.
[5] Овој дел отсликува дел од содржината на поглавјето за јавно финансирање од *Regulating Political Finance, the Global Experience* (2009) и истражувања што се во тек.

# Спроведување

> “Премногу правила. Премалку спроведување.”[6]
> Michael Pinto-Duschinsky (Истражувач во областа на политичките финансии)

Службените прописи, како што се претходно опишаните, можат да помогнат во спротивставувањето на негативните влијанија на парите во политиката. Сепак, ова важи само доколку ваквите прописи се применуваат во пракса. Следствено, потребни се услови барања за објавување и други формални прописи, но тие сами по себе секако не се доволни за постигнување транспарентност во политичкото финансирање.

Илустрација 4: Структура на спроведувањето




Важно е да се напомене дека спроведувањето прописи не е проблем само во новите демократии. Како што истакна Hani Zainulbhai во изданието на IFES *Regulating Political Finance, the Global Experience* во поглавјето Practical Solutions for Political Finance Enforcement and Oversight, „Во системите со посилни институции, политичките играчи станаа особено вешти во избегнувањето на законот. Употребата на техники како што се двојно сметководство и потпирање на независни трошоци се вообичаена појава“.[7]

Општа препорака за делотворно спроведување на прописите е дека надлежниот орган мора да има јасен мандат и капацитет да открива прекршоци и да ги спроведува постојните прописи. Во голем број држави органот надлежен за избори има задача да врши надзор и врз политичкото финансирање; меѓутоа, телото за надзор може да биде и комисија за политички партии, институција за ревизија или суд.

Без оглед на поставеноста, таквите органи се формираат за да надгледуваат поединци и субјекти кои често се високи функционери/ политичари, политичката партија на власт, и честопати шефот на државата. Како резултат од тоа, тој орган може да се соочи со притисок да не ги испитува финансиските евиденции толку темелно. За лице што работи во надзор на политичките финансии, сериозно и ревносно вршење на работните задачи може да ја загрози кариерата. Структурите за назначување на раководни лица во органите добиваат огромна важност, како и контролата што органот ја има врз сопствениот буџет.

За да биде делотворен, органот за спроведување исто така мора да има можност да изрекува делотворни санкции. Потребно е да има воведено соодветни санкции, почнувајќи од благи управни казнувања за полесни прекршоци - како што е задоцнето доставување на финансиски извештаи - до дисквалификација на политички партии или кандидати од учество на избори. Забраната за учество може да биде соодветна

[6] Pinto-Duschinsky, Michael. Taking Democracy Seriously Series, No. 1. *Political Finance in the Commonwealth*. Commonwealth Secretariat, London, 2001. pg 25.
[7] Ohman, Magnus & Zainulbhai, Hani. *Regulating Political Finance, the Global Experience*. International Foundation for Electoral Systems, Washington, 2009.

во случај на целосно одбивање да се придржуваат кон одредбите за известување. Како последен чекор, распуштањето на политичката партија може да се случи ако се откријат докажат повеќекратни финансиски престапи (како што е купување гласови или злоупотреба на државните ресурси). Ваквите санкции може да произлегуваат од граѓанска или кривична постапка. Без оглед на пристапот, неопходно е да се обезбедат можности за обвинетата страна да обжалува решенија и процесот да го почитува владеењето на правото.

Сепак, не може да се пренагласи дека освен јасен правен мандат и потребниот технички капацитет, органот за извршување мора да има политичка независност и политичка волја за спроведување на постојните прописи. Во отсуство на овие особини, формалните прописи веројатно ќе бидат игнорирани, какви и да се.

## Улогата на граѓанското општество и медиумите

> “Тајната на постигнувањето е да се делува!”
> Dante Alighieri (италијански поет, 1265-1321)

Иако формалните прописи што добро се спроведуваат од страна на една способна државна институција се важни за контрола на парите во политиката, искуството покажува дека тоа никогаш не е доволно во вакуум. Другите засегнати чинители треба да преземат активна улога во надгледувањето на протокот на парите во и надвор од политичкиот систем. Секако, политичарите и политичките партии имаат клучна улога да постапуваат одговорно, но напорите за зголемување на транспарентноста во политичкото финансирање не можат да чекаат додека вклучените лица не го променат своето однесување.

Илустрација 5: Улоги на граѓанското општество во подобрување на транспарентноста на политичките финансии




### Граѓанско општество

Чинителите од граѓанското општество имаат клучни улоги во контролирањето на парите во политиката. Тие мора да обезбедат граѓаните да бидат свесни за лошите страни на купувањето гласови, злоупотребата на државните ресурси и правилата во секоја земја. Тие можат да го следат однесувањето на политичките партии и кандидатите на начин што државните институции можеби немаат капацитет или политичка независност да постапуваат. Вакви проекти се спроведуваат во голем број држави, а

домашните групи набљудувачи на избори сè повеќе ја додаваат темата политичко финансирање во опсегот на теми во нивниот делокруг на работа (имајте предвид дека следењето на политичкото финансирање секогаш мора да започне пред денот на гласање).

### Медиуми

Медиумите, како традиционални, така и нови, имаат одговорност да запознаат граѓаните од каде политичарите добиваат пари и како ги користат. Со обелоденување на неправилности и кршење на формалните правила и општествените норми, медиумите можат да помогнат во казнување на оние што се обидуваат да го надоместат недостатокот од народна поддршка со пари во натпреварот за политичка моќ.

Еден фактор се издвојува како движечка сила зад регулаторните реформи: скандалите. Иако скандалите не можат да се определат како причина за појавувањето на реформи на политичките финансии во сите случаи, сепак може да претставуваат важна сила за промена. Ако граѓаните се доволно огорчени од кршењето на прописите за финансирање на кампањи, тие можат да побараат да се преземе нешто за да се спречи повторно случување на такви престапи во иднина. Поранешниот директор на одделот за изборни престапи од Министерството за правда Craig Donsanto истакна дека „начинот на кој [државата] ќе одговори на скандал од областа на политичките финансии е клучна одредница за силата на нејзините демократски институции“.[8]

За да се остварат долгорочни достигнувања, важно е медиумите да не се фокусираат само на поединечни скандали, туку и критички да ги следат сите напори за подобрување на ситуацијата. Не е невообичаено политичарите да ветуваат реформи пред избори, а после денот на гласање да ги заборават ветувањата што ги дале.

## Заклучоци

> “Успехот не го создаваат парите, туку слободата да се заработат.”
> Nelson Mandela (поранешен претседател на Јужна Африка)

Пред неколку години, IFES и неколку други организации утврдија поуки извлечени од работењето на прашања за контрола на политичките финансии и транспарентност во последните неколку децении. Иако искуствата варираат од регион до регион и земја до земја (а и помеѓу различни временски периоди), пет клучни сфаќања беа утврдени дека важат на глобално ниво:

1. Парите се неопходни во демократска политика, а политичките партии мора да имаат пристап до средства за да ја играат својата улога во политичкиот процес - регулативата не смее да ја ограничува здравата конкуренција.

[8] Donsanto, Craig. “From Crisis to Reform, a Historical Perspective” in *Democracy at Large*, Vol 2, No 4 2006, стр. 11.

2. Парите никогаш не се непроблематичен дел од политичкиот систем, и пожелно е оваа област да биде регулирана.

3. Контекстот и политичката култура мора да се земаат предвид при изработка на стратегии за контрола на парите во политиката.

4. Делотворно регулирање и објавување може да помогне да се контролираат неповолните ефекти од улогата на парите во политиката, но само доколку се добро осмислени и спроведени.

5. Делотворен надзор зависи од активностите и интеракцијата од страна на неколку засегнати чинители (како што се регулаторите, граѓанското општество и медиумите) засновани врз транспарентност.

Освен горенаведеното, важно е да се сфати дека постигнувањето делотворен надзор врз политичките финансии (целосен надзор никогаш не е возможен) веројатно ќе трае со децении, а не со години. Секој што сака да ја зајакне транспарентноста околу парите во политиката мора да има трпение и да очекува работење во подолг временски период.

Меѓутоа, нерешавањето на ова прашање претставува ризик политичкиот систем да не биде контролиран од парите, наместо од гласачкото ливче. Делотворната контрола на парите во политиката може да дојде само преку здружени и постојани напор на сите клучни чинители.

# Ресурси

IFES содржини за политичко финансирање, достапни на интернет http://ifes.org/issues/political-finance

IFES содржини за злоупотреба на јавни/државни ресурси, достапни на интернет http://www.ifes.org/abuse-state-resources

Group of States against Corruption (GRECO) Analysis of political finance regulations in the Council of Europe region. Се наоѓа на https://www.coe.int/en/web/greco/evaluations/round-3

International Foundation for Electoral Systems (2018) *Abuse of Abuse of State Resources Research and Assessment Framework*, се наоѓа на http://www.ifes.org/publications/abuse-state-resources-research-and-assessment-framework

International Foundation for Electoral Systems (2017) *Unfair Advantage: The Abuse of State Resources in Elections*, се наоѓа на http://www.ifes.org/publications/unfair-advantage-abuse-state-resources-elections

International Foundation for Electoral Systems (2013) *Political Finance Oversight Handbook*. Се наоѓа на http://ifes.org/publications/tide-political-finance-oversight-handbook. Also available in Indonesian and Russian.

International IDEA (2012) *Political Finance Database*. Се наоѓа на https://www.idea.int/themes/political-finance

Library of Congress (2011) *Campaign Finance: An Overview.* Се наоѓа на http://www.loc.gov/law/help/campaign-finance/index.php

Nassmacher, Karl-Heinz (2009) The Funding of Party Competition: Political Finance in 25 Democracies. Nomos.

Ohman, Magnus & Zainulbhai, Hani (eds) (2009) *Regulating Political Finance, the Global Experience*. International Foundation for Electoral Systems, Washington. *Available in English, Dari, French, Pashto and Russian* at http://www.ifes.org/translated-publications-key-political-finance-issues

Open Society Justice Initiative (2004) *Monitoring Election Campaign Finance: A Handbook for NGOs*. Се наоѓа на http://www.soros.org/initiatives/justice/articles_publications/publications/monitoring_20041123

U4 Anti-Corruption Resource Centre, *Political Finance*. Се наоѓа на https://www.u4.no/publications/political-finance-state-control-and-civil-society-monitoring

Transparency International, *Buying influence – money and elections in the Balkans*, се наоѓа на https://www.transparency.org/whatwedo/publication/buying_influence_money_and_elections_in_the_balkans

HQ | 2011 Crystal Drive | Arlington, VA 22202 | USA

www.IFES.org